Република Северна Македонија

[redacted]

# ОПШТИНА КУМАНОВО
## Сектор за инспекциски надзор

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veruit
Општина Куманово
Komuna e Kumanovës
Бр/Nr: 25-113
Дата/Data: 20,08.2025 год

Улица.11 Октомври бб,
1300, Куманово
Rruga: 11 Tetor, p.n,
1300, Kumanovë
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veruit
Контакт/Kontakt
Тел/Tel: +389 31 475 830
e-mail: info@kumanovo.gov.mk
www.kumanovo.gov.mk

### З А П И С Н И К
за спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр.238/19) на ден 20.08.2025 година, со почеток од 11.30 часот, во службена просторија на Инспекцискиот Совет на РСМ пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на Општина Куманово со арх. бр. 08-12224/2 од 06.08.2025 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав :

- Бобан Бојковски – Виш инспектор, ментор;
- Бисера Настасијевиќ Варџиска – Советник инспектор;
- Евгенија Стефановска – Советник инспектор;
- Ресул Шемо – Претставник од Инспекциски совет.

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е: Елена Стојмановска на работно место Советник комунален инспектор во Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат при Општина Куманово.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот за инспектор изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор. По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Бисера Настасијевиќ Варџиска, комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка за инспекциски надзор – 15 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови
- Затворање на инспекциски надзор – 25 бодови
- Документирање на инспекциски надзор – 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот Елена Стојмановска го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 85 бодови.

Република Северна Македонија

# ОПШТИНА КУМАНОВО
## Сектор за инспекциски надзор

[redacted]

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veruit
Општина Куманово
Komuna e Kumanovës
Бр/Nr: 08-12224/2
Дата/Data: 06.08.2025 год

Улица.11 Октомври 66,
1300, Куманово
Rruga: 11 Tetor, p.n,
1300, Kumanovë
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veruit
Контакт/Kontakt
Тел/Tel: +389 31 475 830
e-mail: info@kumanovo.gov.mk
www.kumanovo.gov.mk

Согласно член 7, став 2 од Правилникот за начинот за проведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на РСМ" бр. 238/19), а во врска со член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр.102/19) Градоначалникот на Општина Куманово, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за полагање на практичен испит за инспектор**

Се формира Комисија за полагање на практичен испит за општински комунален инспектор во состав:

- Бобан Бојковски – Раководител на одделение за инспекциски надзор – виш инспектор за животна средина и ментор;
- Бисера Настасијевиќ Варџиска – советник општински комунален инспектор;
-Евгенија Стефановска – советник општински комунален инспектор и
-Ресул Шемо - член од Инспекциски совет од област на градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт.

Практичниот испит ќе се спроведе со спроведување на симулиран инспекциски надзор согласно член 8 и член 9 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот испит ќе се спроведе во службените простории на Инспекцискиот Совет на РСМ, а терминот за полагање на испитот ќе биде утврден во консултација со членот на инспекцискиот совет.

По завршување на испитот да се состави Записник согласно член 10 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување
Со почит,

Изработил: Мирослав Ѓорѓевиќ
Контролирал: Бобан Бојковски

Општина Куманово
Градоначалнк
Максим Димитриевски